# Службен гласник

| Број 12 | 15.05.2018 година |
|---|---|

на Општина Кавадарци

| С О Д Р Ж И Н А | |
|---|---|
| АКТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ | |
| Техничка исправка на Одлуката за давање согласност на Договор за давање на донација – електрични колички за лица со хендикеп, помеѓу Општина Кавадарци и Здружение на лица со телесен инвалидитет Мобилност бр.08-2175/17 од 24.04.2018 година; | |
| Техничка исправка на Одлуката за распределба на средства со намена за изградба на други објекти и набавка на видео надзор бр.08-2175/48 од 24.04.2018 година; | |
| Техничка исправка на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе „ Кавадарци за 2018 година бр.08-2175/54 од 24.04.2018 година; | |
| Техничка исправка на Одлуката за определување надоместок и исплата на изборни трошоци на организаторите на изорната кампања на локалните избори 2017 година за избор на членови на советот на Општина Кавадарци и за избор на градоначалник на Општина Кавадарци бр.08-1291/25 од 14.03.2018 година | |
| Јавна Објава по управна постапка 14-67; | |
| Јавна Објава по управна постапка 14-68; | |
| | |
| | |
| | |

**Општина :** Совет на Општина Кавадарци
**Тип :** Исправка

**Наслов :** Исправка на Одлуката за давање согласност на Договор за давање на донација – електрични колички за лица со хендикеп, помеѓу Општина Кавадарци и Здружение на лица со телесен инвалидитет Мобилност бр.08-2175/17 од 24.04.2018 година.

**Текст :** По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за давање согласност на Договор за давање на донација – електрични колички за лица со хендикеп, помеѓу Општина Кавадарци и Здружение на лица со телесен инвалидитет Мобилност (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.11/2018), утврдено е дека во текстот на Одлуката е направена техничка грешка поради што Комисијата за статут и прописи согласно член 92 од Статутот на Општина Кавадарци ја дава следната

И С П Р А В К А

Во Одлуката за давање согласност на Договор за давање на донација – електрични колички за лица со хендикеп, помеѓу Општина Кавадарци и Здружение на лица со телесен инвалидитет бр.08-2175/17 од 24.04.2018 година името на Претседателот на здружението Славка Тотовска **се менува и гласи** Михајло Михајлов .

Бр.08-2533/3
07.05.2018 година

Комисија за Статут и прописи
Претседател
Развигор Кабранов

**Општина** : Совет на Општина Кавадарци
**Тип** : Исправка

**Наслов** : Исправка на Одлуката за распределба на средства со намена за изградба на други објекти и набавка на видео надзор бр.08-2175/48 од 24.04.2018 година.

**Текст** : По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за распределба на средства со намена за изградба на други објекти и набавка на видео надзор (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.11/2018), утврдено е дека во текстот на Одлуката е направена техничка грешка поради што Комисијата за статут и прописи согласно член 92 од Статутот на Општина Кавадарци ја дава следната

## И С П Р А В К А

Во Одлуката за распределба на средства со намена за изградба на други објекти и набавка на видео надзор бр. бр.08-2175/48 од 24.04.2018 година во член 1 алинеа 3

Алинеа 2 „Програма Ј3-Јавно осветлување"

**СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ**

- Програма ЈАА- Купување на опрема за јавно осветлување

Алинеа 3 „Програма Г1-Подршка на локален економски развој"

**СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ**

- Програма ГАА-Локален економски развој

Бр.08-2533/4
07.05.2018 година

Комисија за Статут и прописи
Претседател
Развигор Кабранов

**Општина** : Совет на Општина Кавадарци
**Тип** : Исправка

**Наслов** : Исправка на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе „ Кавадарци за 2018 година бр.08-2175/54 од 24.04.2018 година.

**Текст** : По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе „ Кавадарци за 2018 година (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.11/2018), утврдено е дека во текстот на Одлуката е направена техничка грешка поради што Комисијата за статут и прописи согласно член 92 од Статутот на Општина Кавадарци ја дава следната ,

**И С П Р А В К А**

Во Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе „ Кавадарци за 2018 година бр. бр.08-2175/54 од 24.04.2018 година,

наместо годината „2018“ треба да стои „ 2019“.

Бр.08-2742/3
15.05.2018 година

Комисија за Статут и прописи
Претседател
Развигор Кабранов

**Општина :** Совет на Општина Кавадарци
**Тип :** Исправка

**Наслов :** Исправка на Одлуката за определување надоместок и исплата на изборни трошоци на организаторите на изорната кампања на локалните избори 2017 година за избор на членови на советот на Општина Кавадарци и за избор на градоначалник на Општина Кавадарци бр.08-1291/25 од 14.03.2018 година.

**Текст :** По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за определување надоместок и исплата на изборни трошоци на организаторите на изорната кампања на локалните избори 2017 година за избор на членови на советот на Општина Кавадарци и за избор на градоначалник на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.9/2018), а врз основа на Известување за резултатаи добиено од Државната изборна комисија , утврдено е дека во текстот на Одлуката е направена техничка грешка поради што Комисијата за статут и прописи согласно член 92 од Статутот на Општина Кавадарци ја дава следната ,

**И С П Р А В К А**

Во Одлуката за определување надоместок и исплата на изборни трошоци на организаторите на изорната кампања на локалните избори 2017 година за избор на членови на советот на Општина Кавадарци и за избор на градоначалник на Општина Кавадарци бр.08-1291/25 од 14.03.2018 година,

Во член 3 во табелата за Надомест на трошоци за избори на кандидати за градоначалник ,

Во колоната за број на освоени гласови
-наместо број 12.077 треба да стои 13.180
-наместо број 11.482 треба да стои 11.538

Во колоната за исплата во денари

- наместо бројот 181.155 треба да стои 197.700
- наместо бројот 172.230 треба да стои 173.070

Редовите со броеви на листите 10 и 74 се бришат.

Бр.08-2742/4
15.05.2018 година

Комисија за Статут и прописи
Претседател
Развигор Кабранов

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка (”Службен весник на Република Македонија” бр.124/2015), Градоначалникот на Општина Кавадарци врши,

## ЈАВНА ОБЈАВА

Се повикува Викторија Попова со последна адреса на живеалиште во Кавадарци, на ул.”Ресавска” бр.28, во врска со управната постапка арх.бр.14-67 поведена пред Општина Кавадарци по барање на Друштво за градежништво и трговија Градба Промет Доо Кавадарци за издавање на одобрение за градење на станбена зграда на ГП 1.13 локалитет Дисанска Кавадарци на кп.бр.12497/9 КО Кавадарци, како непосреден сосед на градежната парцела за која е издадено одобрението за градење да дојде и да изврши увид во документација.

Доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не поднесат жалба против одобрението за градење во рок од 15 ден од денот на издавањето на одобрението за градење, одобрението за градење станува правосилно.

Објавата се врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена.

По објавите од предходниот став, јавниот орган на свој трошок ќе изврши и еднократна објава во Службено гласило на општината.

По извршените објави од предходните ставови, се смета дека странката е уредно известена за писменото.

Предупредување за странката дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Изработил,
Ефтимчо Петровски

Одобрил,
Драгослав Симоновиќ

Градоначалник
М-р Митко Јанчев

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка (”Службен весник на Република Македонија” бр.124/2015), Градоначалникот на Општина Кавадарци врши,

JАВНА ОБЈАВА

Се повикува Викторија Попова со последна адреса на живеалиште во Кавадарци, на ул.”Ресавска” бр.28, во врска со управната постапка арх.бр.14-68 поведена пред Општина Кавадарци по барање на Друштво за градежништво и трговија Градба Промет Доо Кавадарци за издавање на одобрение за градење на станбена зграда на ГП 1.3 локалитет Дисанска Кавадарци на кп.бр.12497/8 КО Кавадарци, како непосреден сосед на градежната парцела за која е издадено одобрението за градење да дојде и да изврши увид во документација.

Доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не поднесат жалба против одобрението за градење во рок од 15 ден од денот на издавањето на одобрението за градење, одобрението за градење станува правосилно.

Објавата се врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена.

По објавите од предходниот став, јавниот орган на свој трошок ќе изврши и еднократна објава во Службено гласило на општината.

По извршените објави од предходните ставови, се смета дека странката е уредно известена за писменото.

Предупредување за странката дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Изработил,
Ефтимчо Петровски

Одобрил,
Драгослав Симоновиќ

Градоначалник
М-р Митко Јанчев